**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**================================**

**Број 08 - 661/5**
**24.12.2021 година**
**ПЛАСНИЦА**

# БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА ЗА 2022 ГОДИНА

Врз основа на член 27 став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија‘‘ број 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 „Службен весник на Република Северна Македонија‘‘ 244/19, 53/21, 77/21 и 150/21), Советот на општина Пласница на седницата одржана на ден 24.12.2021 година, донесе:

| МОЖЕН РОК | БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ – ОДГОВОРНОСТ |
|---|---|
| 1 септември | Формулари за подготовка на предлог - буџетската пресметка се подготвуваат и дистрибуираат до општинските буџетски корисници од страна на градоначалникот и финансискиот оддел на општината |
| 15 септември | Сите буџетски корисници ги доставуваат финансиските планови и предлог пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции |
| 30 септември | Министерството за финансии доставува Циркулар – насоки за подготвување на буџетите на единиците на локалната самоуправа за наредната година |
| 10 октомври | а) се подготвува процена на вкупните приходи<br>б)се анализираат и усогласуваат буџетските барања и финансиските планови од страна на финансискиот оддел и поднесуваат до градоначалникот<br>в) се изготвува предложениот трошковен план од финансискиот оддел |
| 20 октомври | Градоначалникот подготвува предлог –план за развој и го доставува до советот на ЕЛС за одобрување |
| 30 октомри | Финансискиот оддел го изготвува предлог буџетот и го доставува до градоначалникот на разгледување и одобрување |
| 15 ноември | а) советот го одобрува предлог –планот на програми за развој кој станува составен дел на предлог- буџетот<br>б) предлог - буџетот се доставува до советот на општината<br>в) се претставува предлог - буџетот на јавноста - граѓаните<br>г) се одржуваат јавни расправи. |
| 1 декември | Се доставува конечен предлог - буџет од страна на градоначалникот |
| 10 декември | Се води расправа во телата на советот на општината |
| најдоцна до 31 декември | Седница на советот на општината за донесување на буџетот за наредната буџетска година |
| 1 јануари | Започнува новата буџетска година |

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**АМЕЛ РАМЕСКИ**

______________________________